

***Гордана Димовска***

**Македонските празници со голема радост се прославуваат и меѓу иселениците на петтиот континент.**

Верата е таа која го одржува духот на македонскиот човек каде и да е. Со огласувањето на црквените ѕвона точно во 12 на полноќ се најави и радосната вест за Христовото воскреснување. Велат дека црковното ѕвоно е Божјиот глас а верниците масовно се собираат да го чујат и присуствуваат на празничната богослужба. И нашата вера е создавана, темелена врз радоста од христовото воскреснување. Христовото воскреснување е светлина и патоказ за животот на човекот низ вековите. Воскресението е радост за измачените, утеха за болните , поука за малодушните, сила и цврст темел за благоверните. На овој ден како што е познато, Исус ја победи смртта затоа што имаше живот во себе. Од тој момент, сите ние ја примаме таа вистина и се исполнуваме со особена храброст и духовна крепост, зашто смртта не е повеќе закана, ниту причина за страв.



[illegible]







